Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 20/0306
22.01.2018 год
Скопје

22.01.2018

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 16 јануари 2018 година, врз основа на примена жалба од Жанета Здравковска, Емилија Мисирлиевски, Анета Блажевска и интернет порталот „Апла“, ја донесе следната:

# ОДЛУКА

**Интернет порталот „Доказмк“ со текстот насловен „Овој јадникот од Битола частеше новинарки ручек, сега само интервјуа пука, МЕР и фаца, абе не зезај“, го прекрши Кодексот на новинарите на Македонија во членот 1, 7, 13, 15 и 16.**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на 10 јануари 2018 година, новинарките Жанета Здравковска, Емилија Мисирлиевски, Анета Блажевска и интернет порталот „Апла, поднесоа жалба за текстот насловен „Овој јадникот од Битола частеше новинарки ручек, сега само интервјуа пука, МЕР и фаца, абе не зезај", објавен на 9 јануари 2018 година, на интернет порталот „Доказмк"(www.dokazmk.com).

Во жалбата се наведува дека текстот го нарушува правото за рамноправност на половите и почитување на личната приватност, содржи неточно и нефер известување, пристрасност во информирањето, незастапена втора страна, навреда и клевета.

*„Во шпекулативниот текст пишува дека Котевски не' частел ручек, што не е точно и нема објавено никаков доказен материјал за тоа, ниту доказ дека тој платил. Не нарекува кокони и кажува дека со ручеци Котевски се додворувал, што за нас како новинарки, кои со години наназад чесно и професионално работење е крајно деградирачки и омаловажувачки за јавноста"*, се посочува во жалбата.

Жалителите реагираат и дека над текстот, интернет порталот објавил нивна фотографија, која била земена од социјалната мрежа FACEBOOK без нивна дозвола.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, се обиде, но не успеа да стапи во контакт со интернет порталот „Доказ" за да побара уредничкиот колегиум да се изјасни по однос на наводите на жалбата. Наведениот портал нема наведено е-маил адреса, поштенска адреса или број на телефон за остварување комуникација по службена должност.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата во однос на содржината е **ОСНОВАНА** и дека Кодексот на новинарите на Македонија е прекршен во членот 1, 7, 13, 15 и 16.

***Член 1**: „Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. Доколку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно".*

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

***Член 7:*** *„Новинарот ќе ја почитува приватноста на личноста, освен кога тоа е во спротивност со јавниот интерес. Новинарот е должен да ја почитува личната болка и жалост“.*

***Член 13:*** *„Новинарот треба да прави разлика меѓу фактите и мислењата, меѓу веста и коментарот“.*

***Член 15:*** *„Новинарот мора да ја негува културата на говорот и етиката. Неспоиво со новинарската професија е непримерната комуникација со јавноста“.*

***Член 16:*** *„Новинарот ќе ги чува угледот и достоинството на својата професија, ќе ги поттикнува заемната солидарност и различностите на ставовите и нема да го употреби својот медиум за пресметка со новинари, вклучувајќи ги и своите колеги“.*

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

На седницата на 16 јануари 2018 година, членовите на Комисијата за жалби ги разгледаа наводите на жалителот и извршија увид во спорната содржина.

Комисијата, најпрво, утврди дека текстот изобилува со непримерен говор, а авторот користи нестандарден новинарски јазик, чија цел, во најголем дел, е да навреди или исмее.

Членовите на Комисијата најдоа дека со објавувањето на фотографијата, на која се прикажани лица кои се предмет на исмејување во текстот, а притоа, без да се обезбеди правилото на втора страна, медиумот ги прекршил членовите 1 и 7 од Кодексот на новинарите, што особено се издвојува уште во насловот од текстот:

***„Овој јадникот од Битола частеше новинарки ручек, сега само интервјуа пука, МЕР и фаца, абе не зезај“***

Проверката на податоците и точноста се морални императиви на новинарството, затоа новинарот е должен да ја провери информацијата од што е можно повеќе извори, а најмалку два меѓусебно неповрзани извора.

Постулат на новинарската професија е да се побара став од сите засегнати страни, особено во случаи кога новинарот изнесува сомневања или обвинувања или кога некој е предмет на напад и критика.

Во продолжение, членовите на Комисијата утврдија дека во текстот се прекршени и членовите 13 и 15 од Кодексот на новинарите, според кои новинарот треба да прави разлика меѓу фактите и мислењата, меѓу веста и коментарот, како и да внимава на културата на говорот и етиката, што особено е нагласено во првата реченица од текстот:

***„И овие кокони новинарки, а овој петел, хахаха се ожени ли конечно, бе Благојче, кутро чоече битолско“.***

Неспоиво со новинарската професија е непримерната комуникација со јавноста. Новинарот мора да ги има на ум моралните стандарди на публиката на која и се обраќа.

Во тој контекст, Комисијата најде дека во текстот е прекршен и членот 16 од Кодексот, во делот, во кој се вели дека ниту новинарите, ниту уредниците не би смееле да си дозволат да се пресметуваат со своите колеги преку сопствените медиуми. Таквото однесување не само што го намалува нивниот интегритет и достоинство, туку ја урива и репутацијата на новинарската професија воопшто и ја намалува довербата на јавноста во медиумите.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како во диспозитивот.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Филип Ѓурчиновски, Сефер Тахири, Мери Јордановска, Теофил Блажевски и Гоце Герасимовски.

**Се обврзува интернет порталот „Доказмк“ (www.dokazmk.com) во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби да ја објави оваа одлука.**

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија * ЕТИКА ПРЕС * Скопје

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595